OEMVP

# БИЛТЕН НА СКСЗМ

## ЈАНУАРИ – МАРТ

## 2024

Str. Dimitrie Cupovski 13
1000 Skopje, Macedonia
Tel. +389 (0)2 3239 252
oemvp.org

www.oemvp.org

# Содржина

Вовед........................................................................................................................ Error! Bookmark not defined.

1. Владеење на правото, ефективни институции со фискална и финансиска одговорност како суштинска потреба за силна економија на слободниот пазар ........................................................................................4

1.1 СКСЗМ се сретна со албанската Опозиција: Разговараат за економијата и бизнисот – се бара решение за проблемите ..............................................................................................................................4

1.2 Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија му честита на премиерот г-дин Џафери, се продлабочува соработката во интерес на бизнисот.....................................................................................4

1.3 Претседателот на државата г-дин Стево Пендаровски на работна средба – СКСЗМ го презентира Економскиот манифест за забрзан развој ..........................................................................................5

1.4 Претседателот на СКСЗМ г-дин Mendi Qyra беше присутен како гостин на премиерот Талат Џафери на ифтар организиран од премиерот ....................................................................... Error! Bookmark not defined.

1.5 СКСЗМ ја претставува 4-годишната платформа за економски развој, во фокус работната сила, зголемување на минимална плата на 30,0000 ден и намалување на придонесите на 32% од нето плата .....5

Правен Информатор ЈУРИС и ЈУРИС АЛАРМ ....................................................... Error! Bookmark not defined.

2. Доволна и квалификувана работна сила со разновидна и развојна економија која спречува иселување .....7

2.1 Претседателот на СКСЗМ и извршниот директор беа присутни на настанот на Фондацијата за развој на образованието и културата Албиз, каде беше промовирана 13-та генерација на стипендисти. ....................7

2.2 “Изгради ја иднината во дома- Стоп на Миграција” – Mendi Qyra...................................................................7

2.3 СКСЗМ БАРА НАМАЛУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ПЛАТИТЕ.......................................................................8

2.4 Соработка помеѓу СКСЗМ и Универзитетите за да се бори недостиготот на работната сила во земјата ..8

2.5 Барањето на СКСЗМ за намалување на придонесите од плата ја зголемува НЕТО-платата, а не ги штети приходите во државниот буџет .........................................................................................................................9

3. Европска држава, членка на ЕУ, со модерни дигитализирани институции и бизниси насочени кон циркуларната економија и обновливите извори на енергија.........................................................................10

3.1 Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија започна со нова услуга за членовите - Субвенционирани енергетски контроли ...........................................................................................10

3.2 СКСЗМ успешно го завршува првиот модул од обуката за Енергетска Ефикасност .................................10

3.3 Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија продолжува со енергетските контроли врз основа на новата услуга за членовите - Субвенционирани енергетски контроли.....................................................11

3.4 “II-риот модул на обуката за енергетска ефикасност: „СКСЗМ им помага на компаниите да се подготват за енергетската иднина“ ........................................................................................................................11

3.5 СКСЗМ успешно ја заврши Обуката за енергетска ефикасност ...................................................................12

3.6 Подобрување на Енергетската ефикасност за бизнисите-членки на СКСЗМ преку енергетски контроли .........................................................................................................................................................12

3.7 Потпретседателот на СКСЗМ г-дин. Јетон Асани учесник на „Настанот за промовирање на Северна Македонија“ во Едирне организиран од Амбасадата на Република Македонија во Анкара во соработка со Трговската и Индустриската Комора на Едирне ....13

3.8 Во просториите на СКСЗМ се реализираа обуката за членките на СКСЗМ на тема „Спроведување на транзитна постапка“, Подигнување на нивото на подготовка за пазарот и транспортот“. ....13

3.9 СКСЗМ успешно ја завршува имплементацијата на Контролите за енергетска ефикасност кај своите членки....13

4. Комора со кредибилитет и локална и регионална вклученост, лидер во заштитата на деловните интереси ....15

4.1 Претседателот на СКСЗМ, г-дин Qyra, дел од панел за дискусијата на настанот организиран од Kosovo Bussines Forum ....15

4.2 Претседателот Qyra поканет по повод на 16-годишнината од државјанството на Република Косово....15

4.3 Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија ја проширува мрежата на своите членки со најновата членка - Turkish Airlines ....16

4.4 Одржана е средбата со Амбасадата на Народна Република Кина, СКСЗМ дополнително ги унапредува своите услуги за членство ....16

4.5 Се одржа првиот состанок на Управниот Одбор на СКСЗМ ....17

4.6 „СКСЗМ ја продолжува традицијата на Традиционалната Ифтарска Софра во Светиот месец на Рамазан во 2024 година“ ....17

Економски Информатор ЕКОНОМИКУС....19

Економски Информатор ДОБИА....19

5. Намалување на сивата (неформална) економија, минимизирање на корупцијата и нелојалната конкуренција како предуслов за здрава економска конкурентност. ....20

5.1 Известување....20

5.2 Известување....20

6. Односи со јавноста....20

7. Комуникација со членките ....22

8. СКСЗМ во медиуми ....22

9. СКСЗМ на социјалните мрежи....23

10. СКСЗМ на официјалната вев-страница ....24

Услуги на СКСЗМ.... **Error! Bookmark not defined.**

## Вовед

Билтенот на СКСЗМ е документ што се објавува на квартална основа и содржи краток опис на активностите на СКСЗМ за наведениот период на известување. Во првиот квартал, односно периодот Јануари – Март 2024, СКСЗМ со цел реализација на визијата, мисијата и долгорочните стратешки цели на СКСЗМ, организираше бројни активности, продолжувајќи да се етаблира како вистинска и професионална институција насочена кон поддршка и унапредување на бизнисите во земјата и пошироко.

Стратегијата на СКСЗМ за 2024 – 2027 година се заснова на општиот контекст, приоритетите потреби, активностите на другите актери, како и самата нејзина улога и има дефинирани пет стратешки цели. Врз основа на визијата и мисијата, како и долгорочните цели на Комората, во овој период сме посветени кон постигнување на следниве стратешки цели:

1. Владеење на правото, ефективни институции со фискална и финансиска одговорност како суштинска потреба за силна економија на слободниот пазар.
2. Доволна и квалификувана работна сила со разновидна и развојна економија која спречува иселување.
3. Европска држава, членка на ЕУ, со модерни дигитализирани институции и бизниси насочени кон циркуларната економија и обновливите извори на енергија.
4. Комора со кредибилитет и локална и регионална вклученост, лидер во заштитата на деловните интереси.
5. Намалување на сивата (неформална) економија, минимизирање на корупцијата и нелојалната конкуренција како предуслов за здрава економска конкурентност.

**Дурим Зеќири**

Извршен Директор

# 1. Владеење на правото, ефективни институции со фискална и финансиска одговорност како суштинска потреба за силна слободна пазарна економија.

## 1.1 СКСЗМ се сретна со албанската Опозиција: Разговараат за економијата и бизнисот – се бара решение за проблемите

**11.01.2024** - Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија на чело со нејзиниот Претседател г-дин. Qyra, извршниот директор и членките на одборот, одржаа средба со албанската Опозиција во земјава.



Целта на средбата беше да се откријат приоритетите на двете страни за тековната година, но и непосредните цели на истата, при што СКСЗМ инсистираше на точките што ги имаат бизнисите како главни предизвици, почнувајќи од: работната сила, унифицирање на Царинските тарифи, решавањето на бројните проблеми на Зона Визбегово, како и Урбанизмот и Енергетика.

## 1.2 Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија му честита на премиерот г-дин Џафери, се продлабочува соработката во интерес на бизнисот

**08.02.2024** - Раководството на СКСЗМ, предводено од Претседателот г. Mendi Qyra го посетиле новиот премиер на РСМ г-дин Талат Џафери.



На оваа средба се разговараше за соработката меѓу Владата и бизнис секторот, како и за зајакнување на воспоставените односи меѓу овие два субјекти.

Претседателот Qyra истакна дека СКСЗМ има голем број решенија за актуелните економски проблеми, чиј избор ќе ја подобри благосостојбата на граѓаните, но и ќе промовира забрзан економски развој.

Домаќинот на оваа средба, премиерот Џафери, рече дека без разлика на неговатапозиција, ќе продолжи да биде важен партнер на Комората, со оглед на тоа што СКСЗМ секогаш покажувала отворени врати за партнерство за институциите во вистинските моменти.

## 1.3 Претседателот на државата г-дин Stevo Pendarovski на работна средба – СКСЗМ го презентира Економскиот манифест за забрзан развој.




**13.02.2024** - Во просториите на СКСЗМ беше пречекан Претседателот на државата г-дин Стево Пендаровски. Организираната средба им понуди можности на претставниците на бизнисот и на членките на СКСЗМ да поставуваат прашања и да се осврнат на проблемите со кои се соочува реалниот бизнис сектор.

На оваа работна средба беа присутни повеќе од 40 претставници на домашни компании, кои преку СКСЗМ успеаја да ги канализираат своите грижи и барања до претседателот на државата како една од главните институции во државата.

Овој состанок резултираше со интерактивност на членките и Претседателот на државата, давајќи им можност на СКСЗМ бизнисите директно да се осврнат на прашањата и да добијат одговори од Претседателот на државата.

## 1.4 СКСЗМ ја претставува 4-годишната платформа за економски развој, во фокус работната сила, зголемување на минимална плата на 30,0000 ден и намалување на придонесите на 32% од нето плата.



**27.03.2024** - Претседателот на СКСЗМ г-дин Qyra, заедно со членовите на раководството на Комората, одржа средба со претставници на политичката партија Демократска Унија за Интеграција, односно г-дин Бујар Османи, г-дин Фатмир Бесими и г-дин Крешник Бектеши, во која беше претставена Платформата за економски развој на Северна Македонија, стратешка платформа на СКСЗМ која ќе треба да ја спроведе идната Влада.

СКСЗМ ја продолжува својата традиција на составување макроекономски политики, а сега истите се прифатени од релевантните политички фактори во земјата. Потсетуваме, платформата на СКСЗМ за економски развој предвидува 9 поглавја од различни сектори, каде што секој од нив се третираа со проблеми или дава современи решенија за промовирање брза и конкурентна економија.

**Правен Информатор ЈУРИС и ЈУРИС АЛАРМ**

Во овој период СКСЗМ го објави Правениот Информатор ЈУРИС. Темата објавена на овој Правен Информатор беше:

- **ЈУРИС бр.1 -** ЗАКОН ЗА ЗАБРАНА НА НЕФЕР ТРГОВСКИ ПРАКТИКИ ВО СИНЏИРОТ НА СНАБДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

## 2. Доволна и квалификувана работна сила со разновидна и развојна економија која спречува иселување

### 2.1 Претседателот на СКСЗМ и извршниот директор беа присутни на настанот на Фондацијата за развој на образованието и културата Албиз, каде беше промовирана 13-та генерација на стипендисти.

**20.02.2024** - Претседателот на Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија, г-дин Mendi Qyra на настанот за промоцијата на 13-та генерација стипендисти, организиран од Фондацијата за развој на образованието и културата АЛБИЗ, им честита на сите стипендисти за постигнувањето и ви посака континуирани успеси во иднина.



Претседателот Qyra во својот говор истакна дека Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија и Фондацијата Албиз се значајни национални асети кои треба да бидат поддржани од бизнис секторот.

Тој ја истакна и важноста од континуитетот во работата на институциите, и дека со заеднички напори на јавниот и приватниот сектор во следните 10 години ќе се постигнат сите овие благородни општествени цели.

### 2.2 “Изгради ја иднината во дома – Стоп на миграција” – Mendi Qyra

**22.03.2024** - Иселувањето на работната сила во Северна Македонија како проблем е комплицирано, затоа мора сериозно да се испитаат предизвиците со кои се соочува нашата економија, особено во однос на миграцијата на работната сила.




Нашата цел како Стопанска комора веќе една година е да ја водиме дискусијата за ова важно прашање.

Стопанската Комора на ова патување ќе биде непоколеблива во своите барања, затоа што нашата перспектива го гледа секој колатерален дел од овој негативен феномен, која од ден на ден е се почеста. Во меѓувреме, како институција, продолжуваме да бидеме најлојален партнер на бизнисот и на економијата воопшто.

## 2.3 СКСЗМ БАРА НАМАЛУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ПЛАТИТЕ

**26.03.2024** - Дали знаете дека: РСМ има највисоки придонеси за плата во регионот!

(на графиконот се прикажани стапките на придонеси од износот на нето-плата од 1000€).




## 2.4 Соработка помеѓу СКСЗМ и Универзитетите за да се бори недостиготот на работната сила во земјата

**28.03.2024** - На тркалезната маса „Образование за вработување“ организирана од Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, претставници на академската заедница и бизнис заедницата се сретнаа да разговараат за изнаоѓање решенија за предизвиците со кои се соочува нашата економија, вклучувајќи и проблемите со иселувањето на работна сила и мерките за подобрување на координација помеѓу високото образование и пазарот на труд.




Претседателот Qyra истакна дека СКСЗМ има преземено мерки за решавање на проблемот на иселувањето на младите од земјата и недостатокот на работната сила, создавајќи платформа, која стратешки ќе придонесе на решавањето на проблемот со работната сила.

Г-дин. Qyra истакна дека СКСЗМ побара од идната Влада зголемување на минималната плата на 30.000 денари и намалување на придонесите на 32% од нето платата, за да бидеме поконкурентни на пазарот и да не ја изгубиме битката со земјите од регионот.

## 2.5 Барањето на СКСЗМ за намалување на придонесите од плата ја зголемува НЕТО-платата, а не ги штети приходите во државниот буџет

**29.03.2024** - На графиконот подолу е претставена сегашната состојба на минималната плата со придонеси од 47%, и барањата на СКСЗМ во однос на намалувањето на придонесите од 32%, и јасно се гледа дека вредноста на придонесите е на исто ниво, и тоа во 9.600 денари.



# 3. Европска држава, членка на ЕУ, со модерни дигитализирани институции и бизниси насочени кон циркуларната економија и обновливите извори на енергија.

## 3.1 Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија започна со нова услуга за членовите - Субвенционирани енергетски контроли



**29.01.2024** - СКСЗМ започна со најновата услуга за своите членки, каде кај 15 компании членки на Комората, избрани преку отворен повик, ќе се вршат субвенционирани енергетски контроли преку кои ќе им се помогне како да бидат поефикасни и да заштедат енергија.

Оваа услуга започна во некои од компаниите членки на Комората и тоа: Бас Тути Фрути, Извор и Екотехника.
Покрај проширувањето на портфолиото на услуги што ги нуди СКСЗМ, ова партнерство со Консалтинг за стратешки развој и УСАИД, исто така позитивно ќе влијае врз подигнувањето на свеста кај граѓаните и бизнисите во насока на унапредување на имплементацијата, користењето и управувањето на најсовремените технологии за енергетска ефикасност.

## 3.2 СКСЗМ успешно го завршува првиот модул од обуката за Енергетска Ефикасност



**08.02.2024** - Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија за своите членки денеска успешно го реализираше првиот модул на обуката за „Енергетска ефикасност“.

На оваа обука, која има за цел да воспостави практики за подобрување на енергетската ефикасност на деловните субјекти, членките се запознаа со управувањето со потрошувачката на енергија, оптималното искористување на ресурсите, како и мерките и технологиите кои се достапни за зголемување на енергетската ефикасност, следејќи ги еколошките трендови во ЕУ.

Денешната обука ќе продолжи и вториот ден (15.02.2024) и третиот ден (22.02.2024), каде членките ќе имаат можност да се запознаат со намалувањето и елиминирањето на загубите на енергија и заштедата на истата.

## 3.3 Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија продолжува со енергетските контроли врз основа на новата услуга за членовите - Субвенционирани енергетски контроли



**14.02.2024** - Овој пат беа спроведени низа аудити во неколку компании кои се исто така членки на СКСЗМ и тоа: Ambrella Swiss Bau, PonikaPlus, Nita's Face Care, Balkan Tritikum, и EkoSharrr.

Оваа субвенционирана услуга дава можност компаниите да ја подобрат својата енергетска ефикасност и да заштедат електрична енергија. Ова вклучува соодветен пристап кон анализата на потрошувачката на енергија и идентификација на начини за ефикасно оптимизирање на нејзината употреба.

Покрај проширувањето и диверзификацијата на портфолиото на услуги што ги нуди, СКСЗМ, преку ова партнерство со Консалтинг за стратешки развој и УСАИД, ќе придонесе за подигање на свеста на граѓаните и бизнисите во однос на употребата, управувањето и имплементацијата на најсовремените технологии за енергија ефикасност.

## 3.4 II-риот модул на обуката за енергетска ефикасност: „СКСЗМ им помага на компаниите да се подготват за енергетската иднина“




**15.02.2024** - СКСЗМ за своите членки успешно го заврши вториот модул на обуката на тема Енергетска ефикасност, обука на која учествуваа значителен број членки од различни сектори.

Во вториот модул, членките имале можност да се запознаат со потрошувачката на енергија во различни сектори на компанијата, идентификацијата на можности за заштеда на енергија преку мерки за енергетска ефикасност и примена на обновливи извори на енергија, како и за видовите енергетски контроли и придобивките од истите.

Оваа активност се спроведува во рамките на Проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем“, поддржан од УСАИД Северна Македонија и имплементиран од Консалтинг за стратешки развој.

## 3.5 СКСЗМ успешно ја заврши Обуката за енергетска ефикасност



**22.02.2024** - Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија во рамки на новите услуги што започна да им ги нуди на своите членки, односно спроведување на нови мерки за енергетска ефикасност преку кои компаниите ќе ја намалат нивната потрошувачка на енергија, успешно ја реализираа обуката за Енергетска Ефикасност на ММСП.

Во денешниот модул, кој беше поврзан со претходните два модули, со обучувачи Центарот за енергетска ефикасност на Македонија - МАЦЕФ, компаниите членки на Комората имаа можност поблиску да се запознаат со Водичот за енергетска ефикасност на компаниите, преку кои вработените ќе можат да спроведуваат мерки за подобрување на ефикасноста на компаниите.

## 3.6 Подобрување на Енергетската ефикасност за бизнисите-членки на СКСЗМ преку енергетски контроли



**29.02.2024** – СКСЗМ има за цел да им помогне на своите членки во идентификувањето на можностите за подобрување на нивните перформанси во користењето и управувањето со енергијата. Енергетските контроли обезбедуваат значителна вредност за бизнисите, преку идентификување области каде што има можности за подобрување на ефикасноста и намалување на трошоците за енергија.

Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија изврши енергетска контрола на дел од нејзините членки избрани преку јавен повик и тоа: L&LCompany, Caseificio Cesarina Fejzi, Artifex  и Royal Palace - Gostivar.

Оваа услуга има за цел да ја подобри одржливоста и конкурентноста на бизнисите-членки, помагајќи им да станат поефикасни во користењето на енергетските ресурси и во намалувањето на нивните трошоци.

## 3.7 Потпретседателот на СКСЗМ г-дин. Јетон Асани учествува на „Настанот за промоција на Северна Македонија“ во Едирне организиран од Амбасадата на Република Македонија во Анкара во соработка со Трговската и Индустриската Комора на Едирне

**08.03.2024** - Едирне, 07.03.2024 - Потпретседателот на СКСЗМ г-дин Јетон Асани беше учесник на „Настанот за промоција на Северна Македонија“ во Едирне организиран од Амбасадата на Република Северна Македонија во Анкара во соработка со Трговската и Индустриската Комора на Едирне. Овој настан собра претставници од различни земји со цел да го промовира економскиот потенцијал на регионот Едирне и да придонесе за нови соработки и комерцијални односи преку запознавање поблиску со можностите за бизнис и инвестиции во Северна Македонија.




Во својот говор, Потпретседателот на СКСЗМ истакна дека Комората одржува пријателски односи со Турската Амбасада во Република Северна Македонија. Нашето присуство овде го нагласува нашиот голем интерес за поттикнување на соработката со претпријатијата од Едирне, препознавајќи го неискористениот потенцијал и ветувачките можности кои чекаат заедничко истражување.

## 3.8 Во просториите на СКСЗМ се реализираа обуката за членките на СКСЗМ на тема „Имплементација на транзитна постапка“, Подигнување на нивото на подготовка за пазар и транспорт“




**15.03.2024** - Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија во рамките на „Центарот за обука“ ја организираше обуката за своите членки на тема „ Имплементација на транзитна постапка “.

„Импелментација на транзитна постапка“ значи транзитни процедури кои ги вклучуваат сите фази и формалности кои се неопходни за да се овозможи движење на стоки од една во друга земја, вклучувајќи ја потребната документација, овластувања и царинска контрола. Овие постапки се важни за да се обезбеди дека транзитот се врши во согласност со важечките закони и прописи и за да се избегнат непотребни одложувања или царински казни.

## 3.9 СКСЗМ успешно ја завршува имплементацијата на Контролите за енергетска ефикасност кај своите членки

**29.03.2024** – Во текот на изминатите два месеци, СКСЗМ спроведе серија енергетски контроли, чија примарна цел беше да се подобри енергетската ефикасност на компаниите и да се идентификуваат можностите за намалување на нивните оперативни трошоци .



Последните две компании-членки на СКСЗМ избрани преку јавен повик кај кои беа извршени енергетските контроли беа Компанијата Кенда Центар, компанија предводена од жена со седиште во Скопје и Ликуки Хоум, производствена компанија со седиште во Битола.

СКСЗМ ќе продолжи да ја нуди оваа услуга на своите членки и понатаму, со цел да им помогне на компаниите кон енергетска ефикасност.

# 4. Комора со кредибилитет и локална и регионална вклученост, лидер во заштитата на деловните интереси.

## 4.1 Претседателот на СКСЗМ, г-дин Qyra, дел од панелот за дискусија на настанот организиран од Kosovo Bussines Forum

**24.01.2024** - Се одржа Конференцијата „Приштина 2030 - главен град на иднината“ во рамки на Косовскиот Бизнис Форум, на која на првиот панел од дискусијата на тема „Дијалог за бизнис климата и привлекување инвестиции во Косово“, Говорници беа Претседателот на СКСЗМ- г-дин Mendi Qyra, Претседателот на Стопанската и индустриската комора Тирана - г-дин Николин Јака, како и други еминентни деловни личности.




Г-дин Qyra во својот говор ги истакна предностите и недостатоците што ги има Косово за странските директни инвестиции.

Исто така, тој додаде дека Косово, како и Северна Македонија, треба да инвестира во создавањето на стручен кадар и истовремено да создаде добри услови за работа и добра бизнис клима, каде што посебен акцент стави на работната сила. Бидејќи, во спротивно економијата на Косово ќе дојде многу брзо во ситуацијата на РСМ, каде што компаниите имаат развојни проекти, но недостасува работна сила.

## 4.2 Претседателот поканет по повод 16-годишнината од државјанството на Република Косово

**15.02.2024** – Претседателот Qyra заедно со претседателството на СКСЗМ имаше задоволство да присуствува по повод 16-годишнината од државјанството на Република Косово, во организација на Амбасадата на Република Косово во Скопје



## 4.3 Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија ја проширува мрежата на своите членки со најновата членка - Turkish Airlines.

**22.02.2024**- Извршниот директор на СКСЗМ, како дел од програмата Roadshow, одржа средба со Претставништвото на Turkish Airlines во Северна Македонија.




Целта на оваа средба беше да се иницира меѓусебна соработка меѓу двете страни и да се адресираат нивните проблеми, барања и предизвици на локалниот пазар.

TurkishAirlines, една од најголемите светски авиокомпании, оперира до 340 дестинации во Европа, Азија, Африка и Америка, правејќи го најголемиот главен превозник во светот по бројот на патнички дестинации.

Оваа соработка носи нови можности за локалните бизниси и ја зајакнува позицијата на Северна Македонија како важна дестинација за инвестиции и економски развој.

## 4.4 Одржана е средбата со Амбасадата на Народна Република Кина, СКСЗМ дополнително ги унапредува своите услуги за членство

**05.03.2024** – Извршниот директор и членот на Управниот одбор ги пречека претставниците од Амбасадата на Народна Република Кина на средба..




Целта на средбата беше да се изразат интересите на двете страни за натамошно продлабочување на партнерството за поддршка на бизнисот и економијата воопшто.

На оваа средба беа откриени можностите кои Амбасадата ги нуди за унапредување на услугите на СКСЗМ, како учество на различни економски и деловни саеми, но и отворање можности за соработка меѓу нашето членство и инвеститорите кои доаѓаат од Народна Република Кина, со што се отвораат нови можности за партнерство и развој за нашите членки.

## 4.5 Се одржа првиот состанок на Управниот Одбор на СКСЗМ

**06.03.2024** - Во просториите на СКСЗМ се одржа првата редовна седница на Управниот Одбор на Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија.



Управниот одбор, како раководен орган на СКСЗМ, дискутира за активностите што беа спроведени во периодот јануари-февруари 2024 година, Парламентарните и Претседателските избори и Платформата за економски развој на РСМ, како стратешки документ на Комора која ќе биде претставена пред политичките партии. Меѓу другото, се разговараше и за најновото истражување изработено од СКСЗМ „Економски манифест за забрзан развој" и активностите кои ќе реализираат во наредниот период.

Имајќи предвид дека во наредниот четиригодишен период, главната цел на СКСЗМ е да се бори против иселувањето на младите од земјата и да го реши проблемот со работната сила, во нејзините стратешки определби за годините 2024-2027, фокусот ќе биде на истото, со цел зголемување на конкурентноста на бизнисите и на нашата земја.

## 4.6 „СКСЗМ ја продолжува традицијата на Традиционалната Ифтарска Софра во Светиот месец на Рамазан во 2024 година"

**18.03.2024** - СКСЗМ ги пречека гостите на Ифтарска Софра, еден традиционален активност, што редовно се организира за време на светиот месец Рамазан. Освен членовите на СКСЗМ, во оваа активност учествуваа значајни личности од државата, меѓу кои и премиерот на Република Северна Македонија, г-дин. Талат Џафери, Министри, градоначалници на општините, претставници на политички партии, Амбасадори, претставници на локални и регионални Стопански комори, од институции и гости од регионот.




Во својот говор, претседателот на СКСЗМ, г-дин. Mendi Qyra ја пренесе пораката за поттикнување на толеранцијата, благодарноста и соработката во овој свет месец Рамазан. „Традиционалниот Ифтар што го организираме за нашата заедница ги гледа сите обединети на едно место и време, рефлектирајќи вредностите на толеранција, хуманост и хармонија".

## 4.7 Претседателот на СКСЗМ г. Менди Ќура беше присутен како гостин на премиерот Талат Џафери на ифтар организиран од премиерот

21.03.2024 - Претседателот на СКСЗМ г-дин Mendi Qyra беше присутен како гостин на премиерот Талат Џафери на ифтар организиран од премиерот. На овој настан имаше и многу други еминентни личности од земјата, додека учеството на Претседателот Qyra на овој настан е доказ за релевантноста и кредибилитетот на СКСЗМ како и за нејзиното воспоставеното партнерство со највисоките институции како што е Владата на РСМ.



## Економски Информатор ЕКОНОМИКУС

Во текот на првиот квартал од 2024 година беа објавени 3 изданија на економскиот информатор ЕКОНОМИКУС. Темите презентирани во овој економски информатор се:

- **Економикус бр.1** – Индекси на цените во земјоделството, декември 2023 година.
- **Економикус бр.2** – Издадени одобренија за градење, декември 2023 година.
- **Економикус бр.3** – Просечна месечна исплатена нето-плата по вработен, јануари 2024 година.

## Економски Информатор ДОБИА

Во текот на првиот квартал од 2024 година, членовите на СКСЗМ имаа можност да бидат известени преку економскиот информатор DOBIA за јавните повици во врска со грантови и можности за финансирање. Во овој период до членовите беа испратени 5 изданија на билтенот преку електронска пошта, а известувањето за испраќањето на истиот беше дистрибуирано и на социјалните мрежи на Комората.

Повиците кои се опфатени во овие изданија на билтенот се:

- **Добиа бр.1** – Јавен повик - “за кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст по редовна постапка”.
- **Добиа бр.2** - Јавен повик – “за пријавување на интерес на угостителските објекти за сместување за користење на средства за организиран одмор преку прифаќање на Потврди за работници со ниски приходи”
- **Добиа бр.3** - Јавен повик – “до мали и средни претпријатија за пријавување и учество во Програмата на бесплатна деловна поддршка”
- **Добиа бр.4** - Јавен повик – “по редовна постапка за Кофинанисрани грантови за новоосновани трговски друштва „старт-ап“и „спин-оф“ 4”
- **Добиа бр.5** - Јавен повик – “за претпријатија од приватниот сектор кои се подготвени да го поттикнат својот деловен развој преку создавање на нови работни места преку зелени инвестиции”.

# 5. Намалување на сивата (неформална) економија, минимизирање на корупцијата и нелојалната конкуренција како предуслов за здрава економска конкурентност

## 5.1 Известување

**28.02.2024** - Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија од 2015 година бара креирање на национална стратегија за економски развој, додека сега, оваа стратегија е на прагот на комплетирање, докажувајќи уште еднаш дека СКСЗМ е институција која ја реализира својата визија и во долгорочен план.

Нашето барање како Комора беше оваа стратегија да се направи со политички консензус, за да функционира независно во однос на политичките структури кои ќе владат, и токму на овој начин ќе се примени.

## 5.2 Известување

**01.03.2024** - Од денеска одлуката за гарантирани цени завршува со решение бр.(„Службен весник на РСМ " бр.195/23, 202/23, 203/23, 227/23, 282/23 и 17/24). Завршува спроведувањето на Одлуката за посебни услови за промет на одредени стоки, утврдувањето повисоки цени за одредени производи во трговијата на мало, како и обврската на трговците да купуваат и продаваат одредени видови и количини на стоки.

СКСЗМ, која претходно реагираше за замрзнувањето на цените, каде според извршниот директор на СКСЗМ, кој претходно изјави дека нема позитивен ефект на тој пазар каде што државата интервенира, и раката на државата наместо да ја игра улогата на помошник, ја контролира и регулира економијата со која одредува се и дека AD HOC одлуките и штетат на економијата на нашата држава.

## 6. Односи со јавноста

- **16.02.2024**- Извршниот директор на СКСЗМ Дурим Зеќири за Алсат-м искажува ставови во врска со неодамнешните проблеми со кои се соочува реалниот бизнис сектор.

https://www.facebook.com/oemvp.org/videos/410874808132326

- **19.02.2024**- Извршен директор на СКСЗМ Дурим Зеќири за ТВМ2 - Предизвици во бизнис секторот

https://www.youtube.com/watch?v=Qw99GKFFbiE

- **21.02.2024**- Џемаил Даути го презентира Економскиот манифест на СКСЗМ за забрзан развој

https://24.mk/details/argument-plus-razgovor-so-dzemail-dauti-od-stopanskata-komora-na-severo-zapadna-makedonija

- **21.02.2024-** Тема на InStore: Инвестициска година полна со предизвици

https://www.instore.mk/record/34/14994/tema-na-InStore-investiciska-godina-polna-so-predizvici

- **26.02.2024**- Борба за намалување на придонесите од плати, борба против миграцијата на работната сила“, и многу други теми.

https://www.facebook.com/oemvp.org/videos/419856050421432

- **01.03.2024** - Дурим Зеќири за ТВМ2 - Зборува за гарантирани цени

https://www.facebook.com/al.mrt.com.mk/videos/921076222898633

- **21.03.2024**- Се зголемува бројот на невработени граѓани - Над 106 илјади лица пријавени во Агенцијата за вработување

https://www.facebook.com/watch/?v=1778803309277110&extid=CL-UNK-UNK-UNK-IOS_GK0T-GK1C&ref=sharing&mibextid=w8EBqM

- **30.03.2024** - Изборни програми на политички партии, СКМ, СКСЗМ: Повеќе решенија за економски развој

https://al.mrt.com.mk/node/126735

## 7. Комуникација со членките

Во текот на првиот квартал на 2024 година, Дескот на услуги има остварено над 2000 контакти со компании на различни форми (телефонски повици и е-пошта), истовремено Дескот за услуги бил контактиран околу 500 пати.

Исто така во првиот квартал, 12 нови компании се зачлениле во СКСЗМ.

## 8. СКСЗМ во медиуми

Во периодот Јануари – Март 2024, претставници на СКСЗМ беа присутни во медиуми 8 пати, од кои:

- Емисии – 3;
- Изјави во ТВ – 3;
- Изјави во печатени медиуми – 2 пати.

Исто така, во истиот период СКСЗМ беше цитирано – над 200 пати.

## 9. СКСЗМ на социјалните мрежи

СКСЗМ, до крајот на првиот квартал на 2024 година, во социјалната мрежа FACEBOOK брои вкупно:

- 8,208 следбеници;
- 7,600  лајкови на профилот.

Споредно со претходната година, во истиот период имаме зголемување на лајкови на профилите за 2%, додека зголемување на следбениците за 4.92%.



## 10. СКСЗМ на официјалната веб-страница

Gjatë kuartalit të parë të vitit 2024, në bazë të statistikave, ueb faqja zyrtare e OEMVP ka gjithsej 12,491 përdorues (users) dhe 201,1724 klikime. Në krahasim me periudhën e njëjtë të vitit paraprak, numri i përdorueseve është zvogëluar për 42.6%, ndërsa numri i klikimeve në ueb faqe është zvogëluar për 38.7%. Ndjekësit kryesisht janë nga Maqedonia e Veriut, Kosova dhe Shqipëria.

Во текот на прviот квартал на 2024 година, според статистички податоци, официјалната вебстраница на СКСЗМ има вкупно 12.491 корисници и 201,1724 кликови. Во споредба со истиот период од претходната година, бројот на корисници е намален за 42.6%, додека бројот на прегледи на веб-страницата е намален за 38.7%. Следбениците се претежно од Северна Македонија, Косово и Албанија.

# Услуги на СКСЗМ

Стопанската Комора на Северозападна Македонија е партнер кој им помага на бизнисите на нивниот пат кон деловен успех преку широк спектар на услуги.



**ИНФОРМАТИЧКИ УСЛУГИ** – Членовите на СКСЗМ имаат можност да се информираат преку информативни канали во нивните области на интерес како што се: економски информатор ECONOMICUS, бизнис информатор **DOBIA**, правен информатор JURIS и **JURIS ALARM, БУЛЕТИН НА СКСЗМ, ПОВИЦИ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ТЕНДЕРИ, РЕГИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ САЕМИ.**




**ПРОМОТИВНИ УСЛУГИ – СКСЗМ** преку своите промотивни услуги, ги поддржува своите членови преку промовирање на истите, вклучително и старт-ап компании, компании кои лансирале нова услуга, компании кои имаат нови промотивни понуди итн. Улогата на комората е истото да го промовира преку: промоција на **Социјалните мрежи**, услуга **„Член за член“ (преку е-пошта), лого на веб-страницата на СКСЗМ, видеа во коридорот на СКСЗМ, промотивни материјали во сала за состаноци на комората како и каталогот TOP 100™.**



**ЦЕНТАР ЗА ОБУКИ** - Центарот за обуки на СКСЗМ е активна за да им служи на компаниите со обуки на различни теми, задоволувајќи ги нивните потреби за обука и за подготовка на нивниот персонал. Обуките се спроведуваат врз основа на **Годишниот план на СКСЗМ или според специфичните барања на членовите.**



**ЦЕНТАР ЗА КВАЛИТЕТ И СТАНДАРДИ** - Стопанската Комора на Северозападна Македонија преку Центарот за квалитет и стандарди на своите членови им нуди: **ISO стандарди, HASSP стандарди, Халал стандарди.**



**КОНСУЛТАЦИИ И АНАЛИЗА** – Оваа услуга вклучува: **Консултации (правни и економски), Финансиска анализа по барање, Услуги за патенти, Услуги за интелектуална сопственост, Барања до институции.**



**ДРУГИ УСЛУГИ** - Сертификат за потекло, Сертификат за потекло-Електронски, Лобирање, Лобирање според индивидуални барања, Покана за виртуелни саеми за поврзување на бизниси со регионот, Административни услуги, B2B состаноци, Пристап до Коморски групи, Покана за СКСЗМ настани ( семинари, конференции, самити), Резервирани места на секој настан на СКСЗМ, Асистенција за учество на различни светски саеми, Претставување на интересите на членовите пред државните и меѓународните институции, Ручек со Премиерот/Претседателот/ Министри, Традициоанален ифтар, Потврда за членство.



**ТЕХНИЧКИ УСЛУГИ** – Бесплатни места за членовите во канцелариите на СКСЗМ за состаноци и деловни разговори (до 1 час), Сала за еднодневна и повеќедневна употреба (до 15 седишта).




**КАТАЛОГ TOP 100™** – Каталогот TOP 100™ на најуспешните компании во Северна Македонија е платформа за вмрежување и промоција, каде што се промовираат успешни бизниси, но и се создаваат нови можности за потенцијални соработки помеѓу постојните членови и потенцијалните членови. Овој каталог нуди одлична можност за компаниите кои сакаат да ги претставаат своите производи и услуги пред широка публика, стимулирајќи ја нивната видливост и зајакнување на нивната позиција на пазарот, а воедно правејќи ги компаниите поконкурентни на локалниот и меѓународниот пазар.